# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА

# III КВАРТАЛ 2014 ГОДИНА

Октомври 2014 година

## *Царинска регулатива*

Во јули 2014 година Собранието на Република Македонија го донесе **Законот за изменување и дополнување на Законот за ДДВ** („Сл.весник на РМ" бр. 112/14). Со измената се проширува листата на стоки за кои се применува повластена даночна стапка од 5% , и во истата се додаваат и следниве видови на стоки:

-Добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток;

-Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња;

-Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линијар, шестар, пластелин, острило, гума и коректор.

Одредбите од измените на Законот влегоа во сила на 01.08.2014 година, но истите започнаа да се применуваат после измена на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на ДДВ, во која се наведени сите стоки со своите тарифни броеви и наименувањата согласно Номенклатурата на Царинската тарифа.

Во септември 2014 година беше објавен **Законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на дефиницијата на поимот „производи со потекло" и методи на административна соработка кон Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија**. („Сл.весник на РМ" бр. 131/14). Истиот стапува на сила осмиот ден од неговото објавување, односно на 12.09.2014 година. Ова значи дека започнувајќи од 12.09.2014 година се врши измена на ЦЕФТА 2006 Договорот и наместо Протоколот за потекло од ЦЕФТА 2006, Договорот во трговската размена со одредени ЦЕФТА земји започнува да се применува Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила за потекло.

Во јули 2014 година беше донесена **Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки** („Сл.весник на РМ" бр. 113/14). Со оваа измена и дополнување во Уредбата се додава нова глава 30-б – „Опрема наменета за научноистражувачка и иновациска дејност" и два нови члена 84-в и 84-г со кои се уредуваат поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки за опрема наменета за научноистражувачка и иновациска дејност во согласност со членот 196 став (1) точка 17 од Царинскиот закон. Согласно одредбите на новододадениот член 84-в, лицето кое сака да оствари право на ослободување од плаќање на увозни давачки за опрема наменета за научноистражувачка и иновациска дејност, на царинскиот орган треба да му достави:

- потврда издадена од Министерството за образование и наука дека опремата е наменета за научно истражувачка дејност или потврда издадена од Фондот за иновации и технолошки развој, дека опремата е наменета за иновациска дејност и дека истата ќе се користи во рамки на проект финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој;
- спецификација на опремата во која е назначен трговскиот назив на стоката, количината и вредноста и

- изјава дека увезената опрема ќе се употреби исклучиво за извршување на научноистражувачка или иновациска дејност.

Со измената на Уредбата се избриша главата 33 – „Стока потребна за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори“ и членот 87 со кој се уредуваа поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки на стоки потребни за реализација на проекти финансирани со парични средства на странски донатори во согласност со членот 198 став (1) точка 2 од Царинскиот закон. Главата 33 и членот 87 се бришат, затоа што поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки на стоки потребни за реализација на проекти финансирани со парични средсва на странски донатори е регулирано со посебен правилник за спроведување на ослободување кој што правилник беше објавен во „Сл.весник на РМ“ бр. 98/14.

Во текот на август 2014 година Владата на Република Македонија, донесе **Одлука за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија** („Сл.весник на РМ“ бр. 128/14). Со оваа одлука се пропишуваат условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои може да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.

Воедно, согласно членот 29 став 5 од Законот за девизно работење министерот за финансии донесе **Правилник за образецот за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови, кои резидентите и нерезидентните ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија**, („Сл.весник на РМ“ бр. 114/14), а истиот започна со примена на 1 септември 2014 година.

Во август 2014 година донесена е **Одлука за дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данок на додадена вредност** („Сл.весник на РМ“ бр. 117/14). Со оваа дополнување во листата на стоки за кои се применува повластената даночна стапка од 5% се додаваат следниве видови на стоки:

- Добитична храна, адитиви за добиточна на храна и жив добиток, распоредени во соодветните тарифни броеви наведени во одлуката;
- Бебешки производи и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за возило, када, хранилка, цуцла и пелени за бебиња, распоредени во соодветните тарифни броеви наведени во одлуката и
- Училишен прибор и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линеар, шестар, пластелин, острилка, гума и коректор, распоредени во соодветните тарифни броеви наведени во одлуката.

Повластената даночна стапка од 5% за стоките наведени во одлуката започна да се применува од 06.08.2014 година.

## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во третиот квартал на 2014 година во врска со царинското работење во Република Македонија донесени се следниве регулативи „Сл.весник на РМ“ бр. 98/14:

- Листа на земјоделски производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година (нула - царинска стапка во рамки на квоти);
- Листа на земјоделски производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година (концесии во рамки на квоти);
- Листа на риба и рибини производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година (нула - царинска стапка во рамки на квоти);
- Листа на производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година (нула - царинска стапка во рамки на квоти);
- Листа на царински стапки за производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година (концесија во рамки на квоти);
- Листа на производи со потекло од заедницата за увоз во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година по спогодбата за доделување на взаемни трговски повластици за некои вина;
- Листа на земјоделски и прехрамбени производи по потекло од Република Молдавија кои се увезуваат во Република Македонија без плаќање на царина во рамките на годишни квоти во второ полугодие од 2014 година;
- Листа на стоки на царински квоти по потекло од Република Турција кои се увезуваат во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година;
- Листа на стоки на царински квоти по потекло од Украина кои се увезуваат во Република Македонија во второ полугодие од 2014 година;
- Листа на тарифни концесии за земјоделски производи што потекнуваат од Норвешка во второ полугодие од 2014 година и
- Листа на тарифни концесии дадени од Република Македонија на Швајцарската конфедерација во второ полугодие од 2014 година.

## *Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ*

### *Усогласување на царинската регулатива на ЕУ*

Во јули 2014 година донесена е **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија** („Сл.весник на РМ" бр. 113/14). Уредбата се донесува врз основа на членот 5, став 3 и став 4 од Законот за Царинска тарифа и во неа се интегрирани сите прилози за распоредување на одредени стоки опфатени со 10 нови регулативи на Европската унија, кои се донесени во период од 01.01.2014 до 31.03.2014 година. Со донесувањето на Уредбата, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Македонија.

Во рамки на **Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници** од 10.07.2014 година специфичната давачка при увоз на стока со ЕУ преференцијално потекло се намали или престана да се наплатува согласно условите во соодветните анекси од спогодбата.

### *Пристапување кон интегрираната тарифна околина на ЕУ (ITE[1])*

ITE во Република Македонија се реализира преку 2 подпроекти:

- Имплементација на ITE и
- Поддршка во управувањето со имплементација на ITE.

Во третиот квартал на 2014 година изведувачот изврши нова испорака. Работната група за управување со квалитет заедно со ангажираните експерти за тестирање од страна на консултантот извршија ретестирање на системот во делот каде со претходното Site Acceptance Testing беа утврдени неправилности. Во почетокот на август 2014 година беше финализиран извештајот од повтореното тестирање.

Во третиот квартал на 2014 година успешно беше завршено т.н. Interoperability testing со што беше потврдено дека ITE системот на Царинска управа е интероперабилен со ITE системот на Европска Унија.

Царинската управа од 15 септември 2014 година овозможи пристап кон оние модули на ITE кои се наменети за користење од страна на економските оператори и другите заинтересирани субјекти, со цел да бидат тестирани од нивна страна.

[1] Integrated Tarif Environment

# *Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите*

## *Царина 2020 – Програма на Европската комисија*

Програмата на ЦАРИНА 2020 (финансирана од средства на Европската унија и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки. Во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2020 во текот на третиот квартал на 2014 година се одржаа следните активности:
-во организација на Европската комисија, DG TAXUD - Царина 2020, во Талин, Естонија, се одржа **Работилница за управување со програмата Царина 2020**. Целта беше информирање на учесниците и презентирање на нацрт Работната програма за 2015 година, со цел да се добијат сознанија за активностите предвидени со програмата за следната година, новините во имплементацијата и можностите кои ги нуди програмата ЦАРИНА 2020.
-**Семинар на највисоко ниво за ревизија на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански правила за потекло** во Катанија, Италија, со цел да бидат претставени одредени поважни предлози за измена на Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила на потекло.

## *Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија - TAIEX*

Преку TAIEX инструментот за техничка помош во Царинската управа во третиот квартал на 2014 година се одржаа следните активности:
- На 24.09.2014 година во рамки на Поткомитетот за царина и правила на потекло на ЦЕФТА во Скопје се одржа работилница на тема Управување со ризик во царинските администрации, со цел да се разменат информации и искуства за имплементација на управувањето со ризик во царинските администрации, согласно европските правила во насока на олеснување на трговијата и синџирот на трговија. На работилницата, покрај претставници на царинските управи на земјите членки на ЦЕФТА (Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Молдавија и Косово) и претставници на ЦЕФТА Секретаријатот, присуствуваа и претставници од царинските администрации во Европската унија и експерти од IFC (Меѓународната финансиска корпорација).
- Како продолжение на работилницата, на 25.09.2014 година се одржа и состанок на ЦЕФТА Работната група за управување со ризик во царинското работење. На состанокот се разгледуваа Договорите на ЕУ со трети земји за размена на податоци и взаемно признавање на статусот Овластен економски оператор, како и поедноставување на царинските контроли и формалности, се презентираше концептот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата и Работната програма на ЦЕФТА Исто така на состанокот се дискутираше можната рамка за договор кој ЦЕФТА земјите во иднина ќе го потпишат, со цел зајакнување на соработката и размена на податоци поврзани со управување со ризик.

## Основи

На крајот на третиот квартал од 2014 година во Царинската управа се вработени 1.140 лица. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.005 лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 14 лица се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 119 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 24 вработени се магистри, 625 се со високо образование, 19 се со вишо образование, 440 се со средно образование и 32 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека околу 56,9% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА**

| Организациона единица | | 2013 | | | | | | 2014 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.03 | 30.06. | 31.07 | 31.08 | 30.09 | 31.12 | 31.03 | 30.06 | 31.07 | 31.08 | 30.09 |
| 1 | Кабинет на генерален директор | 7 | 7 | 8 | 10 | 10 | 12 | 10 | 11 | 11 | 11 | 10 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка | 5 | 5 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и | 18 | 18 | 18 | 17 | 17 | 18 | 18 | 18 | 18 | 17 | 16 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 20 | 20 | 20 | 20 | 21 | 20 | 18 | 18 | 20 | 20 | 20 |
| 6 | Одделение дежурен царински центар | | | | | | | | 16 | 15 | 15 | 15 |
| 7 | Сектор за управување со човечки ресурси | 18 | 18 | 18 | 17 | 17 | 17 | 20 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 8 | Сектор за административни и технички | 187 | 183 | 181 | 183 | 180 | 177 | 177 | 177 | 175 | 186 | 190 |
| 9 | Сектор за ІКТ | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 |
| 10 | Сектор за сметководство и финансии | 41 | 39 | 39 | 40 | 40 | 39 | 40 | 40 | 40 | 40 | 39 |
| 11 | Сектор за професионална одговорност | 15 | 15 | 15 | 14 | 14 | 17 | 19 | 17 | 16 | 16 | 15 |
| 12 | Сектор за Царински систем | 41 | 41 | 39 | 38 | 38 | 41 | 40 | 36 | 27 | 25 | 26 |
| 13 | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | | | | | | | | | 13 | 16 | 18 |
| 14 | Сектор за контрола и истраги | 102 | 101 | 100 | 99 | 100 | 115 | 116 | 92 | 94 | 89 | 92 |
| 15 | Регионална Царинарница Скопје | 235 | 235 | 236 | 234 | 233 | 233 | 226 | 229 | 222 | 223 | 223 |
| 16 | Регионална Царинарница Битола | 119 | 117 | 117 | 116 | 116 | 111 | 116 | 118 | 117 | 117 | 118 |
| 17 | Регионална Царинарница Гевгелија | 135 | 136 | 134 | 134 | 132 | 129 | 134 | 135 | 130 | 132 | 130 |
| 18 | Регионална Царинарница Куманово | 131 | 128 | 129 | 127 | 126 | 126 | 125 | 126 | 125 | 127 | 122 |
| 19 | Регионална Царинарница Штип | 56 | 54 | 54 | 54 | 54 | 53 | 55 | 54 | 54 | 55 | 55 |
| | **Вкупно** | **1,159** | **1,146** | **1,142** | **1,138** | **1,133** | **1,141** | **1,147** | **1,139** | **1,129** | **1,139** | **1,140** |

## Вработување

Во текот на третиот квартал од 2014 година во Царинската управа распишани се 13 интерни огласи за пополнување на 28 работни места, од кои 25 се раководни работни места. На интерните огласи пријавени се вкупно 30 кандидати. Од вкупно пријавените пополнети се 16 раководни работни места.

Во овој период е завршена постапката за вработување без јавен оглас со превземање на 12 извршители од Јавното претпријатие „Македонски шуми".

# *Обуки и стручно оспособување*

## *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во третиот квартал на 2014 година, беа спроведени **43** активности за стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно 531 учесник[2]. Во просек секој учесник има следено обука во траење од **4,8** часа (4 часа и 48 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраеење од **0,7** часа (42 минути).

Позначајни обуки одржани во третиот квартал на 2014 година се:

- **Обуки за ИТО (Интегрирана тарифна околина)** – со цел запознавање на учесниците со функционалностите и начинот на работа на ИТО. Овие обуки се одржаа за царински службеници распоредени во царинарниците;
- **Спроведување на контрола на квалитет на извршени теренски или надворешни контроли во трговски друштва.** Целта на обуката беше да се запознаат учесниците со критериумите за мерење на успешноста на извршените теренски или надворешни контроли во трговски друштва;
- **Заштита на правата од интелектуална сопственост и користење на базата за ИПР[3].** Целта на обуката беше запознавање со одредбите од Законот за заштита на правата од интелектуална сопственост и Законот за царински мерки за заштита на интелектуалната сопственост, запознавање со новите трендови на фалсификувана стока, како и со начинот на користење на базата за ИПР;
- **Јакнење на личниот и професионалниот интегритет и етика.** Целта на оваа обука беше подигање на свеста на царинските службеници во насока на јакнење на личниот и професионалниот интегритет и етика како едни од најзначајните механизми за спречување на корупцијата.

# *Интегритет*

Во септември 2014 година се спроведени 6 внатрешни истраги/контроли врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Во периодот јули-септември 2013 година беа спроведени 27 внатрешни истраги, додека пак во истиот период 2014 година се спроведени вкупно 26 внатрешни истраги.

---

[2] Од 1127 вработени 344 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки

[3] Заштита на правата од интелектуална сопственост

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2013 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Централна управа | 13 | 10 | 5 | 5 | 7 | 17 | 56 | 9 | 3 | 1 | 1 | | 2 | 14 |
| Царинарница Скопје | 9 | 4 | 2 | 1 | | 3 | 26 | 16 | 9 | 4 | | 1 | 5 | 30 |
| Царинарница Куманово | 3 | 3 | 3 | | 1 | 4 | 15 | 8 | 7 | 6 | 2 | 3 | 11 | 26 |
| Царинарница Штип | 2 | 3 | | | | 1 | 5 | 2 | 4 | | | | | 6 |
| Царинарница Гевгелија | 1 | 6 | | 1 | 1 | 2 | 14 | 3 | 9 | 3 | 2 | | 5 | 17 |
| Царинарница Битола | 1 | 2 | | 1 | | | 8 | 3 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 11 |
| **Вкупно** | **29** | **28** | **10** | **8** | **9** | **27** | **124** | **41** | **37** | **14** | **6** | **6** | **26** | **104** |

Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, во септември 2014 година се извршени 8 внатрешни инспекции, споредбено со септември 2013 година кога се извршени 6 внатрешни инспекции. Вкупно во периодот јули - септември 2014 година се спроведени 23 внатрешни инспекции за разлика од истиот период предходната година кога се извршени 19.

| БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организационен дел | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2013 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Централна управа | 5 | 14 | 7 | 3 | 2 | 12 | 35 | 2 | 5 | 1 | | | 1 | 8 |
| Царинарница Скопје | 10 | 4 | | 2 | | 2 | 21 | 10 | 14 | 1 | 4 | 1 | 6 | 30 |
| Царинарница Куманово | | 1 | | | 3 | 3 | 7 | | 3 | 2 | | 1 | 3 | 6 |
| Царинарница Штип | | 1 | | | | | 5 | 3 | | 2 | 1 | 1 | 4 | 7 |
| Царинарница Гевгелија | | 2 | | 1 | 1 | 2 | 6 | 4 | 3 | 2 | | 1 | 3 | 10 |
| Царинарница Битола | | 2 | | | | | 2 | 4 | 2 | 1 | 1 | 4 | 6 | 12 |
| **Вкупно** | **15** | **24** | **7** | **6** | **6** | **19** | **76** | **23** | **27** | **9** | **6** | **8** | **23** | **73** |

Во септември 2014 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа примени 3 поплаки. Од вкупно поднесените поплаки, во еден случај е изготвен извештај од извршена внатрешна инспекција. Во врска со останатите поплаки, во тек е утврдување на фактичката состојба и изготвување на извештаите. Во поплаките странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да доставаат пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во септември 2014 година, евидентирани се: еден царински службеник кој доставил анкетен лист и **7** царински службеници кои доставиле изјава за промена на имотната состојба. Во овој месец не се поднесени изјави за судир на интереси. Во септември

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

2013 година, евидентирани се **4** царински службеници кои доставиле анкетен лист и **6** царински службеници кои доставиле изјави за промена на имотна состојба, додека од аспект на изјава на судир на интереси **3** царински службеници доставиле изјава. Кумулативно во периодот јули - септември 2014 година од страна на царинските службеници се поднесени **12** анкетни листови, **11** изјави за промена на имотната состојба и **2** изјави за судир на интереси. Во истиот период минатата година се поднесени **17** анкетни листови, **20** изјави за промена на имотната состојба и **7** изјави за судир на интереси.

Во септември 2014 година ревидирана е и изготвена нова Листа на ризични точки во царинското работење подложни на корупција, за период јули - септември 2014 година, која е доставена до сите организациони единици на Царинската управа за нејзино применување односно вршење на интерни контроли во работењето за третиот квартал.

Во третиот квартал на 2014 година се донесени **14 решенија** со кои се **изречени дисциплински и други мерки**. Имено, донесени се **5 решенија за откажување на договор за вработување**, **3 решенија за изречена парична казна.** Во овој период изречени се **2 решенија за отстранување од работното** место поради покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Во овој период изречени **се 4 решенија за намалување на плата** во износ од 15% од последната исплатена плата.

| ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
| **Видови на мерки** | **Q1** | **Q2** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Q3** | **Вкупно** | **Q1** | **Q2** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Q3** | **Вкупно** |
| Опомени | 0 | 5 | 5 | 1 | | 6 | 27 | 102 | 1 | 0 | | | 0 | 103 |
| Намалување на платата | 16 | 11 | 7 | 3 | 9 | 19 | 60 | 7 | 1 | 1 | 2 | 1 | 4 | 12 |
| Парична казна | 4 | 4 | 3 | 1 | | 4 | 30 | 62 | 3 | 1 | 2 | | 3 | 68 |
| Раскинување на работен однос | 7 | 6 | 0 | | | 0 | 15 | 1 | 8 | 4 | | 1 | 5 | 14 |
| Кривична пријава-вработени | | 1 | 0 | | | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | | | 0 | 0 |
| Отстранување од работно место | 1 | 0 | 0 | | | 0 | 1 | 7 | 2 | 0 | 2 | | 2 | 11 |
| **Вкупно** | **28** | **27** | **15** | **5** | **9** | 29 | **135** | **179** | **15** | **6** | **6** | **2** | **14** | **208** |

## *Внатрешна ревизија*

Во третиот квартал од 2014 година, во Царинската управа извршени се вкупно 3 ревизии. Врз основа на извршените ревизии утврдени се вкупно 10 наоди и дадени се вкупно 10 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во текот на јули 2014 година изготвен е Извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за II квартал 2014 година и степен на спроведување на препораките заклучно со II квартал 2014 година.

Во текот на септември 2014 година, изготвен е извештај за извршена анализа на јавните набавки (анализа на споведување на јавните набавки, за начинот на иницирање, оверување и одобрување на фактурите за плаќање во други државни институции во Република Македонија).

Во третиот квартал од 2013 година, извршени се вкупно 6 ревизии. Врз основа на извршените ревизии утврдени се вкупно 27 наоди и дадени се вкупно 26 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.

### *Наградување и унапредување*

Во третиот квартал од 2014 година во Царинската управа извршени се вкуно 34 унапредувања. Во Централна управа унапредени се 9 царински службеници на работно место: самостоен советник - 5 царински службеници, началник - 3 царински службеници и еден царински службеник на работно место советник.

Истиот период во царинаринците се унапредени 25 царински службеници: на работно место: виш цариник водач на смена - 15 царински службеници, оператор - еден царински службеник, шеф на царинска испостава - 4 царински службеници, самостоен советник во служба за надзор на иматели на одобренија - 3 царински службеници и инспектор - 2 царински службеници.

Во овој период донесени се 10 решенија за зголемување на плата во висина од 15% од последно исплатената плата.

## *Основи*

Главни цели на **Комитетот за управување со животен циклус на апликации** (КУЖЦА), се ефикасна и ефективна реализација на сите проекти со цел оптимизирање на целокупниот ризик врз работењето, зголемување на ефикасноста и намалување на инцидентите и прекините во работењето, соодветна иницијатива за воведување на трендовите кои произлегуваат од развојот и промените на технологијата поврзани со новите ИТ технологии и барањата на пазарот.

Согласно со планираните активности, во текот на третиот квартал на 2014 година се продолжи со следење на степенот на имплементација на ИТ проектите кои се спроведуваат во Царинската управа. Од тековните активности ги издвојуваме изработката на редовните месечни извештаи за функционирањето на апликациите, кои од овој период се прилагодени согласно последните состаноци на КУЖЦА.

Во текот на третиот квартал на 2014 година до Комитетот е поднесен Предлог проектен документ за изработка на нова Апликација за преглед на извршени пост царински и акцизни контроли.

## *Административни постапки*

Во текот на третиот квартал на 2014 година остварени се 75.978 пристапи и креирани се 21.219 предмети, притоа се регистрирани 1.133 корисници. Во текот на третиот квартал од 2013 година, системот беше користен од страна на 1.130 корисници при што се остварени 53.404 пристапи до системот и се креирани 17.309 нови предмети.

| КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС) | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Корисници | 1,150 | 1,144 | 1,136 | 1,133 | 1,130 | 1,130 | 1,139 | 1,141 | 1,128 | 1,126 | 1,137 | 1,133 | 1,133 | 1,133 |
| Пристапи | 74,851 | 68,406 | 22,321 | 14,028 | 17,055 | 53,404 | 281,585 | 70,748 | 83,535 | 26,994 | 22,488 | 26,496 | 75,978 | 230,261 |
| Отворени предмети | 16,756 | 18,402 | 6,342 | 4,977 | 5,990 | 17,309 | 74,872 | 20,131 | 23,110 | 7,572 | 6,343 | 7,304 | 21,219 | 64,460 |

Во текот на третиот квартал на 2014 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (11.009 од кои затворени се 7.993), прекршочни и мандатни постапки (698 од кои затворени се 245), управни постапки (376 од кои затворени е 1) и акцизни постапки (453 од кои затворени се 93). Во третиот квартал од 2013 година најголем број предмети се креирани во следните области: скратени управни постапки (9.939 од кои затворени се 7.897), прекршочни и мандатни постапки (662 од кои затворени се 267) и управни постапки (432 од кои затворени се 77).

Во текот на третиот квартал на 2014 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 8,1 илјади), Царинарница Гевгелија (над 6.6 илјади) и Царинарница Куманово (над 4.3 илјади). Во третиот квартал од 2013 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница

Скопје (над 10,2 илјади), Царинарница Гевгелија (над 6,2 илјади) и Царинарница Куманово (над 3,8 илјади).

## *Безбедност и комуникација*

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се вклучени 200 корисници од Органите на државната управа, кои во текот на третиот квартал на 2014 година реализираа 721 повик, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот на третиот квартал на 2014 година, остварија 265 видеоконференциски повици. Во третиот квартал од 2013 година Органите на државната управа оствариле 852 повици, додека корисниците од Царинската управа оствариле 2.024 повици.

## *ИКТ поддршка*

Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во третиот квартал на 2014 година одобрени се следниве упатства:

- **Упатство за обезбедување на непрекинатост на деловните процеси во случај на технички проблеми со системот за евиденција на работното време и контрола на пристапи**. Со ова упатство се уредува начинот на евиденција на работно време во хартиена форма во случај на сериозни технички проблеми при функционирање на системот.
- **Упатство за примена на правила за алтернативна хартиена процедура во случај на технички проблеми поврзани со електронскиот систем за царински постапки со економски ефект (E-Lohn)**. Со ова упатство се уредува начинот на постапување со документи во хартиена форма во случај на сериозни технички проблеми во функционирање на системот.

Една од клучните задачи за реализација на големите ИТ проекти е нивната меѓусебна поврзаност. Проблемите кои се однесуваат на веб сервисите СОЦДАД-ИТЕ се надминати и тестовите кои се извршени се успешни. Веб сервисите со EXIM се во развој и се очекува нивна успешна реализација.
Во текот на третиот квартал на 2014 година главна обврска беше тестирање на втората испорака на СОЦДАД системот односно на извозниот модул и соодветните подмодули.

Во текот на третиот квартал на 2014 година во Царинската управа беа во функција 46 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во третиот квартал 2014 година изнесуваше 99,14%.

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ**

**2013**

| | Назив на апликацијата | Q1 Бр.на корис. | Q1 Бр. на пристап | Q2 Бр.на корис. | Q2 Бр. на пристап | Јули Бр.на корис. | Јули Бр. на пристап | Август Бр.на корис. | Август Бр. на пристап | Септември Бр.на корис. | Септември Бр. на пристап | Q3 Бр.на корис. | Q3 Бр. на пристап | Вкупно Бр.на корис. | Вкупно Бр. на пристап |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,192 | 600,531 | 2,573 | 606,735 | 2,598 | 213,799 | 2,613 | 201,012 | 2,658 | 215,026 | 2,658 | 629,837 | 2753 | 2,488,541 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3,842 | 17,060 | 4,132 | 19,277 | 4,240 | 6,419 | 4,275 | 5,448 | 4,361 | 6,098 | 4,361 | 17,965 | 4563 | 73,921 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3,842 | 900 | 4,132 | 987 | 4,240 | 513 | 4,275 | 162 | 4,361 | 141 | 4,361 | 816 | 4563 | 3,903 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни | 662 | 14,750 | 667 | 18,829 | 675 | 9,603 | 676 | 9,967 | 679 | 7,991 | 679 | 27,561 | 686 | 70,160 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,150 | 74,851 | 1,144 | 68,406 | 1,136 | 22,321 | 1,133 | 14,028 | 1,130 | 17,055 | 1,130 | 53,404 | 1139 | 281,585 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 362 | 4,203 | 371 | 5,277 | 372 | 2,245 | 372 | 1,492 | 376 | 2,200 | 376 | 5,937 | 395 | 22,839 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и | 117 | 17,055 | 106 | 16,279 | 119 | 5,370 | 106 | 6,214 | 121 | 5,771 | 121 | 17,355 | 126 | 70,637 |
| 8 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 11 | 22 | 19 | 22 | 5 | 22 | 2 | 22 | 0 | 22 | 7 | 22 | 192 |
| 9 | Национална база за царинска вредност | 1,150 | 206 | 1,144 | 266 | 1,136 | 120 | 1,133 | 121 | 1,130 | 50 | 1,130 | 291 | 1139 | 987 |
| 10 | Царински форум | 1,150 | 72 | 1,144 | 91 | 1,136 | 31 | 1,133 | 33 | 1,130 | 35 | 1,130 | 99 | 1139 | 367 |
| 11 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 1 | 12 | 2 | 12 | 0 | 12 | 1 | 12 | 2 | 12 | 3 | 12 | 7 |
| 12 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 329,027 | 30 | 430,859 | 30 | 184,589 | 30 | 153,471 | 30 | 145,431 | 30 | 483,491 | 30 | 1,811,984 |
| 13 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 24 | 8 | 2 | 8 | 2 | 8 | 6 | 8 | 10 | 8 | 86 |
| 14 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 121 | 11 | 181 | 11 | 43 | 11 | 23 | 11 | 60 | 11 | 126 | 11 | 607 |
| 15 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 20 | 220 | 51 | 184 | 51 | 14 | 51 | 9 | 51 | 8 | 51 | 31 | 51 | 456 |
| 16 | Девизни контролници | 437 | 125 | 442 | 357 | 441 | 53 | 448 | 61 | 465 | 63 | 465 | 177 | 477 | 828 |
| 17 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 203 | 288 | 207 | 357 | 208 | 126 | 210 | 62 | 205 | 87 | 205 | 275 | 202 | 1,220 |
| 18 | Систем за наплата | 696 | 60,802 | 674 | 63,382 | 678 | 22,345 | 696 | 18,618 | 698 | 19,815 | 698 | 60,778 | 701 | 250,062 |
| 19 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 228 | 3,153 | 248 | 6,547 | 251 | 2,860 | 252 | 1,731 | 253 | 2,297 | 253 | 6,888 | 266 | 23,745 |
| 20 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 76 | 36 | 126 | 36 | 24 | 36 | 17 | 36 | 18 | 36 | 59 | 36 | 415 |
| 21 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 532 | 12 | 517 | 12 | 160 | 12 | 131 | 12 | 209 | 12 | 500 | 12 | 2,225 |
| 22 | Евиденција за прием на странки | 18 | 386 | 18 | 403 | 18 | 84 | 18 | 65 | 18 | 79 | 18 | 228 | 18 | 1,348 |
| 23 | Хелп деск | 5 | 962 | 5 | 1,373 | 5 | 351 | 5 | 182 | 5 | 329 | 5 | 862 | 5 | 4,432 |
| 24 | Евиденција на работно време | 1,150 | 187,009 | 1,144 | 194,771 | 1,136 | 59,314 | 1,133 | 46,391 | 1,130 | 53,973 | 1,130 | 159,678 | 1139 | 731,663 |
| 25 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 927 | 82 | 939 | 163 | 961 | 55 | 965 | 29 | 970 | 36 | 970 | 120 | 983 | 560 |
| 26 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 467 | 12 | 440 | 12 | 202 | 12 | 163 | 12 | 122 | 12 | 487 | 12 | 1,791 |
| 27 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 129 | 42,795 | 135 | 52,174 | 135 | 19,001 | 135 | 15,872 | 135 | 18,547 | 135 | 53,420 | 158 | 261,895 |
| 28 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 681 | 12,259 | 695 | 12,553 | 694 | 3,840 | 697 | 3,366 | 702 | 3,457 | 702 | 10,663 | 782 | 52,295 |
| 29 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 937 | 157,980 | 939 | 169,496 | 961 | 57,105 | 965 | 54,929 | 970 | 54,557 | 970 | 166,591 | 983 | 663,249 |
| 30 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**2014**

| | Назив на апликацијата | Q1 Бр.на корис. | Q1 Бр. на пристап | Q2 Бр.на корис. | Q2 Бр. на пристап | Јули Бр.на корис. | Јули Бр. на пристап | Август Бр.на корис. | Август Бр. на пристап | Септември Бр.на корис. | Септември Бр. на пристап | Q3 Бр.на корис. | Q3 Бр. на пристап | Вкупно Бр. на пристап |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,403 | 630,426 | 2,565 | 640,255 | 2,598 | 212,458 | 2,604 | 209,015 | 2,653 | 211,012 | 2,653 | 632,485 | 1,903,166 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 4,750 | 18,393 | 4,959 | 19,786 | 5,007 | 6,778 | 5,038 | 5,741 | 5,098 | 6,452 | 5,098 | 18,971 | 57,150 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 4,750 | 1,542 | 4,959 | 1,674 | 5,007 | 762 | 5,038 | 428 | 5,098 | 403 | 5,098 | 1,593 | 4,809 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни | 696 | 11,058 | 698 | 19,596 | 699 | 9,886 | 699 | 10,347 | 701 | 8,798 | 701 | 29,031 | 59,685 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,141 | 70,748 | 1,128 | 83,535 | 1,126 | 26,994 | 1,137 | 22,448 | 1,133 | 24,496 | 1,133 | 73,938 | 228,221 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 404 | 7,147 | 409 | 8,580 | 410 | 2,485 | 410 | 2,371 | 410 | 2,352 | 410 | 7,208 | 22,935 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и | 112 | 19,129 | 110 | 16,419 | 109 | 5,291 | 131 | 5,114 | 107 | 5,850 | 107 | 16,255 | 51,803 |
| 8 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 119 | 22 | 14 | 22 | 3 | 22 | 1 | 22 | 0 | 22 | 4 | 137 |
| 9 | Национална база за царинска вредност | 1,141 | 227 | 1,128 | 184 | 1,126 | 89 | 1,137 | 122 | 1,133 | 78 | 1,133 | 289 | 700 |
| 10 | Царински форум | 1,141 | 88 | 1,128 | 106 | 1,126 | 62 | 1,137 | 73 | 1,133 | 69 | 1,133 | 204 | 398 |
| 11 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 2 | 11 | 1 | 11 | 2 | 11 | 0 | 11 | 0 | 11 | 2 | 5 |
| 12 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 419,466 | 30 | 221,225 | 30 | 0 | 30 | 0 | 30 | 263,035 | 30 | 263,035 | 903,726 |
| 13 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 30 | 10 | 10 | 10 | 9 | 8 | 10 | 8 | 29 | 81 |
| 14 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 137 | 11 | 168 | 11 | 15 | 11 | 54 | 11 | 67 | 11 | 136 | 441 |
| 15 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 54 | 50 | 56 | 44 | 56 | 11 | 56 | 10 | 56 | 10 | 56 | 31 | 125 |
| 16 | Девизни контролници | 484 | 123 | 494 | 139 | 495 | 28 | 499 | 58 | 500 | 55 | 500 | 141 | 403 |
| 17 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 201 | 297 | 207 | 237 | 202 | 67 | 199 | 95 | 201 | 94 | 201 | 256 | 790 |
| 18 | Систем за наплата | 682 | 54,860 | 681 | 64,343 | 698 | 22,587 | 699 | 18,555 | 681 | 21,670 | 681 | 62,812 | 182,015 |
| 19 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 459 | 13,894 | 474 | 9,049 | 475 | 3,678 | 480 | 3,761 | 487 | 3,785 | 487 | 11,224 | 34,167 |
| 20 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 102 | 36 | 91 | 36 | 12 | 36 | 10 | 36 | 15 | 36 | 37 | 230 |
| 21 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 423 | 12 | 533 | 12 | 130 | 12 | 148 | 12 | 139 | 12 | 417 | 1,373 |
| 22 | Евиденција за прием на странки | 18 | 257 | 16 | 80 | 19 | 22 | 19 | 36 | 19 | 42 | 19 | 100 | 437 |
| 23 | Хелп деск | 5 | 768 | 5 | 540 | 5 | 212 | 5 | 177 | 5 | 141 | 5 | 530 | 1,838 |
| 24 | Евиденција на работно време | 1,141 | 158,921 | 1,128 | 178,364 | 1,126 | 51,630 | 1,137 | 45,234 | 1,133 | 54,303 | 1,133 | 151,167 | 488,452 |
| 25 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 971 | 268 | 968 | 48 | 962 | 3 | 968 | 4 | 963 | 3 | 963 | 10 | 326 |
| 26 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 329 | 12 | 205 | 12 | 68 | 12 | 96 | 12 | 74 | 12 | 238 | 772 |
| 27 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 174 | 75,282 | 189 | 62,928 | 183 | 20,183 | 191 | 39,492 | 192 | 41,256 | 192 | 100,931 | 239,141 |
| 28 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 809 | 21,315 | 826 | 24,094 | 827 | 6,393 | 829 | 6,548 | 833 | 7,447 | 833 | 20,388 | 65,797 |
| 29 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 971 | 161,164 | 968 | 158,456 | 964 | 52,676 | 968 | 52,424 | 963 | 52,701 | 963 | 157,801 | 477,421 |
| 30 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за | 67 | 402 | 79 | 48 | 84 | 16 | 87 | 1 | 90 | 10 | 90 | 27 | 477 |

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

## *Е _ Царина*

Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на третиот квартал на 2014 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[4]

Во третиот квартал на 2014 година членовите на работните групи продолжија со редовната комуникација со претставници на изведувачот кои ги опфатија модулите на системот од втората испорака. По спроведеното тестирање на втората испорака подготвен е извештај со конечните резултати од тестирањето, при што дополнително се доставени забелешки до изведувачот за пронајдени грешки од блокирачки и критичен карактер. Во текот на тестирањето беше овозможен пристап на тест околината на експертите на изведувачот со цел анализа на пријавените грешки. Во овој период беа поставени неколку корективни испораки на фаза 2 за кои беше организирано ретестирање. Од страна на изведувачот е испратена документацијата за третата испорака која според планот е инсталирана на почетокот на септември 2014 година.

### *EXIM*

Во третиот третиот квартал на 2014 година продолжија активностите за унапредување на EXIM[5], при што се подготвени измени на апликацијата за нејзино

---

[4] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[5] Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти - EXIM е достапен на Web страницата на Царинската управа од ноември 2008 година и оттогаш наваму масовно се користи од економските оператори (работата на EXIM е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа, како и со Уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија).

поврзување со новиот ITE систем (во развој) и новиот СОЦДАД. Во септември 2014 година спроведено е тестирање на интерфејсите за комуникација помеѓу EXIM и новиот СОЦДАД и EXIM – ITE. Исто така започнаа заеднички активности со Агенцијата за храна и ветеринарство, поврзани со потребата од навремено спроведување на соодветни апликативни измени во одредени дозволи, кои се во надлежност на оваа институција, според последните измени/унапредувања на EXIM системот и неговото поврзување со ITE односно СОЦДАД систем.

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM**

| Опис | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 62 | 60 | 60 | 59 | 59 | 59 | 59 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 3,847 | 4,132 | 4,218 | 4,275 | 4,361 | 4,361 | 4,563 | 4,750 | 4,959 | 5,002 | 5,039 | 5,098 | 5,098 | 5,098 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 17,630 | 19,277 | 6,419 | 5,448 | 6,098 | 17,965 | 74,491 | 18,393 | 19,786 | 6,777 | 5,741 | 6,452 | 18,970 | 57,131 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 927 | 987 | 513 | 162 | 141 | 816 | 3,930 | 1,542 | 1,667 | 761 | 429 | 403 | 1,593 | 4,802 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 2,4 часа | 2,06 часа | 4,2 часа | 2,9 часа | 1.4 часа | 2,8 часа | 2.4 часа | 3,5 часа | 3,0 часа | 1,5 часа | 1,2 часа | 1,2часа | 1,3часа | 2,6часа |

На крајот од третиот квартал на 2014 година, во EXIM беа **регистрирани 5.098 економски оператори** – корисници на системот, кои преку кои преку 11[6] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи** и тарифни квоти. Во текот на третиот квартал од 2014 година, апликацијата се користеше редовно, при што не се идентификувани поголеми отстапувања во бројот на обработени предмети, во споредба со претходниот квартал, и преку EXIM се **издадени 18.970 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на третиот квартал на 2014 година изнесуваше околу 1.3 часа, што претставува значително намалување во споредба со вториот квартал.**

[6] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

**БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM**

| Име на дозволата | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 41 | 43 | 18 | 8 | 8 | 34 | 175 | 39 | 47 | 17 | 11 | 17 | 45 | 131 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 122 | 165 | 44 | 44 | 39 | 127 | 551 | 116 | 102 | 48 | 34 | 32 | 114 | 332 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 115 | 136 | 44 | 53 | 51 | 148 | 556 | 120 | 126 | 32 | 24 | 24 | 80 | 326 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 2,891 | 3,253 | 1,160 | 1,076 | 1,057 | 3,293 | 12,697 | 2,935 | 3,181 | 1,182 | 1,039 | 1,014 | 3,235 | 9,351 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 6,157 | 7,566 | 2,316 | 2,133 | 2,496 | 6,945 | 28,031 | 6,587 | 7,661 | 2,506 | 2,336 | 2,490 | 7,332 | 21,580 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 24 | 42 | 10 | 6 | 11 | 27 | 124 | 24 | 40 | 11 | 15 | 4 | 30 | 94 |
| Дозвола за извоз на прекурсори | 29 | 41 | 10 | 8 | 17 | 35 | 168 | 50 | 29 | 10 | 13 | 12 | 35 | 114 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 120 | 127 | 29 | 35 | 42 | 106 | 498 | 137 | 153 | 50 | 36 | 59 | 145 | 435 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 64 | 51 | 25 | 21 | 19 | 65 | 255 | 68 | 68 | 35 | 21 | 29 | 85 | 221 |
| Одобрение за увоз на лекови | 895 | 868 | 314 | 249 | 264 | 827 | 3,497 | 861 | 912 | 439 | 281 | 332 | 1,052 | 2,825 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 1,035 | 1,049 | 390 | 288 | 319 | 997 | 4,238 | 1,151 | 1,195 | 406 | 286 | 400 | 1,092 | 3,438 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 353 | 300 | 136 | 82 | 118 | 336 | 1,298 | 300 | 350 | 118 | 120 | 110 | 348 | 998 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 44 | 40 | 17 | 9 | 7 | 33 | 152 | 34 | 41 | 16 | 7 | 17 | 40 | 115 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 293 | 291 | 117 | 82 | 94 | 293 | 1,155 | 287 | 359 | 124 | 115 | 127 | 366 | 1,012 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 1,884 | 2,188 | 840 | 651 | 708 | 2,199 | 8,654 | 2,041 | 2,403 | 860 | 689 | 824 | 2,373 | 6,817 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 2,919 | 2,294 | 699 | 528 | 626 | 1,853 | 9,678 | 3,075 | 2,319 | 613 | 561 | 692 | 1,866 | 7,260 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата* | 100 | 85 | 2 | 0 | 0 | 2 | 187 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 127 | 140 | 34 | 34 | 63 | 131 | 517 | 92 | 124 | 41 | 22 | 68 | 131 | 347 |
| Други дозволи | 417 | 598 | 214 | 141 | 159 | 514 | 2,060 | 476 | 676 | 269 | 131 | 201 | 601 | 1,753 |
| **Вкупно:** | **17,630** | **19,277** | **6,419** | **5,448** | **6,098** | **17,965** | **74,491** | **18,393** | **19,786** | **6,777** | **5,741** | **6,452** | **18,970** | **57,149** |

*На граничниот премин Делчево при излез од државата запленети се околу 14.060 гр. марихуана.*

## Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети

Во септември 2014 година во два обиди спречен е шверц на една ловечка пушка, еден патрон за пушката и една капсула за активирање на експлозив. Во третиот квартал од 2014 година во 4 случаи спречен е шверц на 15 парчиња оружје и муниција.



*На граничниот премин Ќафасан при влез во државата запленети се една ловечка пушка и муниција за неа.*

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во септември 2014 година во 5 акции спречен е шверц на 34.520 парчиња цигари и 7,4 кг. режан тутун. Во третиот квартал на 2014 година во 10 случаи спречен е шверц на 60,4 парчиња цигари и 7,4 кг режан тутун.



*На граничен премин Аеродром Скопје при излез од државата откриени се непријавени и сокриени 25.120 парчиња цигари.*

### Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во септември 2014 година во 8 обиди спречен е шверц на девизи и тоа 46.780 евра и 280.533 чекови во евра. Во третиот квартал на 2014 година во 20 случаи спречен е шверц на 167.780 евра, 97.300 американски долари, 280.533 чекови во евра и 7.000 швајцарски франци.

*На граничниот премин Меѓитлија при влез во државата откриени се и одземени 170.533 чекови во евра и 6.800 евра.*



### Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми и средства за хигиена

Во септември 2014 година во 5 обиди спречен е шверц на 586 парчиња разни козметички производи. Во третиот квартал на 2014 година во 8 случаи откриени се 1.374 парчиња разни козметички производи.

*На граничниот премин Богородица при рутинска контрола мобилните тимови откриле непријавени 390 парчиња разни парфеми, 550 парчиња прстени бижутерија и 335 парчиња бројаници и привезоци.*



### Спречување неовластена трговија со прехрамбени производи

Во септември 2014 година во 5 обиди спречен е шверц на 35 пакувања крем од какао, 30 литри алкохол и 70 кг. замрзнато свинско месо. Во третиот квартал на 2014 година во 8 случаи откриени се 12.083 парчиња разни прехрамбени производи 40 литри алкохол и 70 кг. месо.

*На граничниот премин Табановце при контрола од страна на мобилен тим откриени се 70 кг. замрзнато свинско месо.*



### Спречување неовластена трговија со лекови и медицински помагала

Во септември 2014 година во 12 обиди спречен е шверц на лекови и медицински помагала и тоа 2.962 парчиња. Во третиот квартал на 2014 година во 15 обиди откриени се 10.806 парчиња лекови и медицински материјали.

*На граничен премин Јажинце царинските работници открија290 парчиња таблети и ампули и 5 шишиња од по 240 мл. сируп.*



### Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во септември 2014 година во 25 обиди спречен е шверц на околу 4.467 парчиња готови текстилни производи, 5.238 метри и 16 ролни ткаенина и репроматеријал. Во третиот квартал на 2014 година во 49 случаи спречен е шверц на 10.136 парчиња готови текстилни производи и 31.738 м, 325 килограми и 16 ролни ткаенина и репроматеријал.

*На царинската испостава Богородица при влез во државата откриени се 100 парчиња готови текстилни производи.*



### Спречување нелегална трговија со златен и сребрен накит како и бижутерија и галантерија

Во септември 2014 година царинските службеници во 10 акции спречија шверц на 0,1 кгр. златен накит и 3.616 парчиња бижутерија. Во третиот квартал на 2014 година во 13 случаи откриени се околу 4.664 разни видови на бижутерија галантерија и околу 113 гр. златен накит.

*На граничниот премин Аеродром при влез во државата откриен е шверц на златен накит од 113 гр.*



### Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во септември 2014 година во 29 обиди спречен е шверц на околу 5.725 парчиња и 68.320 метри на разна стока. Во третиот квартал на 2014 година во 47 случаи откриени се околу 7.542 парчиња и 68.320 метри разни видови производи.

*На граничниот премин Табановце при рутинска контрола, мобилните екипи откриле непријавени 22 парчиња авто делови.*



### Контрола на управувањето со странски возила и на јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во септември 2014 година Царинската управа привремено задржа вкупно 16 моторни возила. Во третиот квартал на 2014 година привремено задржа вкупно 38 моторни возила и тоа 28 патнички моторни возила, едно товарно моторно возило 7 мотори и две возила кои не се спомнати во погоре наведените. Во третиот квартал од 2013 година Царинската управа привремено задржа вкупно 33 моторни возила и тоа 16 патнички моторни возила, 2 товарни моторни возила и 15 мотори.

Царинската управа самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во третиот квартал на 2014 година, откри 18 случаи (во септември 2014 година, 9 случаи) на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на стока и патници.
Додека пак во третиот квартал од 2013 година, Царинската управа самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, откри еден случај на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.

### *Пријавени девизи*

На граничните премини на Република Македонија, во третиот квартал од 2014 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 3.789.457 EUR, од кои 3.754.057 на влез во Република Македонија и 35.400 на излез од Република Македонија.

Вкупно пријавени девизи се: 2.798.310 евра, 802.700 швајцарски франци, 431.120 американски долари, 30.000 австралиски долари и 1.300 британски фунти.

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 1.171.598 EUR или 30,92%), ЦИ Блаце (противвредност на 1.147.499 EUR или 30,28%), ЦИ Ќафасан (противвредност на 434.152

EUR или 11,46%), ЦИ Табановце автопат (противвредност на 338.000 EUR или 8,92%), ЦИ Богородица (противвредност на 331.500 EUR или 8,75%) итн.

Во третиот квартал од 2014 година пријавени се за 11,10% повеќе девизи во однос на вториот квартал од истата година, додека во однос на третиот квартал од 2013 година, пријавени се за 26,42% помалку девизи.

## Царинска лабораторија

Во третиот квартал на 2014 година, во Царинската лабораторија[8] се **анализирани 182 мостри.** Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбена индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа, од вкупно **182** анализирани мостри, **во 15 случаи** (8,2%, од кои 6 врз основа на анализа на техничката документација, 9 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака, а **во 7 случаи** не биле почитувани мерките на трговска политика.
Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или со поголема царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.

## *Документарна царинска контрола*

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.
Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во третиот квартал од 2014 година, во над 6.383 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 6.108 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 93 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 116 случај за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 23 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика и 43 случаи на други видови на невалидни документи. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 173 милиони денари на име увозни давачки.
Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на употребувани моторни возила, текстил, рекламен материјал, отпадно железо, обувки, алати, мостри, каталози, пријавување на помала царинска вредност, премачкана хартија, врати за туш кабини, глазирани керамички плочки, стоки за широка потрошувачка и индустриски производи од Кина и сл.

---

[8] Царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при Природноматематичкиот факултет. Методите за анализи заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинска управа.

Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, тарифно распоредување, пред сè се однесуваат на козметика на возила, картонски плочи, зачини за месна индустрија, микрофони, употребувани возила и сл.

РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА ВО 2014 ГОДИНА

| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | **Q1** | Невалидни | 3,059 | 54 | 76 | 11 | 2 | **3,202** |
| | | Фалсификат | 0 | 5 | 0 | 0 | 1 | **6** |
| | | Други | 3,088 | 16 | 31 | 9 | 4 | **3,148** |
| | | Вкупно | 6,147 | 75 | 107 | 20 | 7 | **6,356** |
| | **Q2** | Невалидни | 5,429 | 121 | 86 | 2 | 10 | **5,648** |
| | | Фалсификат | 0 | 5 | 18 | 0 | 1 | **24** |
| | | Други | 1,058 | 14 | 46 | 30 | 0 | **1,148** |
| | | Вкупно | 6,487 | 140 | 150 | 32 | 11 | **6,820** |
| | Јули | Невалидни | 1,868 | 19 | 19 | 2 | 0 | **1,908** |
| | | Фалсификат | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | **4** |
| | | Други | 270 | 8 | 3 | 4 | 0 | **285** |
| | | Вкупно | 2,140 | 27 | 22 | 8 | 0 | **2,197** |
| | Август | Невалидни | 1,655 | 19 | 16 | 2 | 0 | **1,692** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 245 | 3 | 4 | 4 | 0 | **256** |
| | | Вкупно | 1,900 | 22 | 20 | 6 | 0 | **1,948** |
| | Септември | Невалидни | 1231 | 21 | 41 | 0 | 0 | **1293** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 728 | 7 | 14 | 4 | 0 | **753** |
| | | Вкупно | 1959 | 28 | 55 | 4 | 0 | **2046** |
| | **Q3** | Невалидни | 4,754 | 59 | 76 | 4 | 0 | **4,893** |
| | | Фалсификат | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | **4** |
| | | Други | 1,243 | 18 | 21 | 12 | 0 | **1,294** |
| | | Вкупно | 5,999 | 77 | 97 | 18 | 0 | **6,191** |
| | **Вкупно** | Невалидни | 18,630 | 318 | 329 | 28 | 16 | **19,322** |
| | | Фалсификат | 4 | 13 | 21 | 7 | 2 | **47** |
| | | Други | 7,346 | 70 | 149 | 62 | 4 | **7,631** |
| | | Вкупно | 25,980 | 401 | 499 | 97 | 22 | **27,000** |
| 2014 | **Q1** | Невалидни | 4,569 | 62 | 80 | 7 | 4 | **4,722** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,409 | 28 | 24 | 5 | 0 | **1,466** |
| | | Вкупно | 5,978 | 90 | 104 | 12 | 4 | **6,188** |
| | **Q2** | Невалидни | 5,252 | 67 | 129 | 2 | 0 | **5,450** |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| | | Други | 2,329 | 25 | 24 | 9 | 0 | **2,387** |
| | | Вкупно | 7,585 | 93 | 153 | 11 | 0 | **7,842** |
| | Јули | Невалидни | 1,562 | 18 | 23 | 2 | 0 | **1,605** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 609 | 9 | 13 | 1 | 43 | **675** |
| | | Вкупно | 2,171 | 27 | 36 | 3 | 43 | **2,280** |
| | Август | Невалидни | 1,282 | 19 | 28 | 2 | 0 | **1,331** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 484 | 7 | 9 | 4 | 0 | **504** |
| | | Вкупно | 1,766 | 26 | 37 | 6 | 0 | **1,835** |
| | Септември | Невалидни | 1,611 | 36 | 39 | 4 | 0 | **1,690** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 560 | 4 | 4 | 10 | 0 | **578** |
| | | Вкупно | 2,171 | 40 | 43 | 14 | 0 | **2,268** |
| | **Q3** | Невалидни | 4,455 | 73 | 90 | 8 | 0 | **4,626** |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | | Други | 1,653 | 20 | 26 | 15 | 43 | **1,757** |
| | | Вкупно | 6,108 | 93 | 116 | 23 | 43 | **6,383** |
| | **Вкупно** | Невалидни | 14,276 | 202 | 299 | 17 | 4 | **14,798** |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| | | Други | 5,391 | 73 | 74 | 29 | 43 | **5,610** |
| | | Вкупно | 19,671 | 276 | 373 | 46 | 47 | **20,413** |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во третиот квартал од 2013 година, во над 6.191 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 151,4 милиони денари на име увозни давачки.

### *Постцаринска контрола*

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.
Во третиот квартал од 2014 ОКТД[9] при извршените 19 контроли на трговски друштва на увозни постапки и иматели на одобренија за застапување, беа откриени 8 случаи на обид за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од 1,653 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт и неправилно тарифно распоредување на царинските стоки. Исто така по извршена контрола од ОКТД и доставена информација до ДПИ[10], во рамките на нивните надлежности беше изречена глоба од 5.000 евра на едно правно лице и 700 евра на едно физичко лице.

При извршените 8 контроли на иматели на акцизни дозволи, беа откриени 5 случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки во вкупен износ од 1,13 милиони денари.
При извршените 49 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување беше откриен случај за избегнување плаќање увозни давачки од 31,420денари. При контролата на 50 иматели на одобренија за царинско складирање и ППЧ[11], беше откриен еден случај за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од 29.544 илјади денари. Во третиот квартал 2014 година не се откриени случаи на

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО 2014 ГОДИНА**

| Вид на контрола | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2013 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Контрола на трговски друштва | 16 | 19 | 6 | 5 | 2 | 13 | **70** | 13 | 22 | 5 | 5 | 9 | 19 | **54** |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 8 | 16 | 4 | 1 | 4 | 9 | **45** | 20 | 18 | 5 | 1 | 2 | 8 | **46** |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 50 | 81 | 17 | 12 | 29 | 58 | **261** | 55 | 62 | 14 | 16 | 19 | 49 | **166** |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 35 | 109 | 13 | 11 | | 13 | **241** | 43 | 45 | 15 | 20 | 15 | 50 | **138** |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 14 | 24 | 3 | 0 | 4 | 7 | **50** | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | **6** |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 62 | 127 | 11 | 6 | 11 | 28 | **247** | 34 | 58 | 58 | 9 | 18 | 85 | **177** |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 39 | 8 | 0 | 0 | 8 | **111** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | **2** |
| Контрола на иматели на други одобренија | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | **5** | 5 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | **14** |
| **Вкупно** | **186** | **415** | **62** | **36** | **63** | **161** | **1,030** | **173** | **213** | **100** | **51** | **66** | **217** | **603** |

9 Одделение за контрола на трговски друштва
10 Државен пазарен инспекторат
11 Простории за привремено чување на стоката

непридржување на условите за поедноставени царински постапки, поради кои би следело одземање на одобрението за поедноставени царински постапки.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во текот на септември 2014 година, Царинската управа на име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ донесе 28 решенија, на вкупен износ од 2.098.373 денари. Во третиот квартал од 2014 година Царинската управа донесе вкупно 281 решение за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 16,3 милиони денари од кои:

- 12 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 1.045.647 денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 9 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 10.018.777 денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- 54 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 1.715.901 денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот,
- 2 решенија за дополнителна на акцизи на вкупен износ од 526.934 денари и
- 204 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 3.503.191 денари по други основи.

Во третиот квартал од 2013 година Царинската управа донесе вкупно 340 решенија за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 89,7 милиони денари.

### Кривични пријави

Во септември 2014 година Царинската управа поднесе 10 кривични пријави против 11 физички и 6 правни лица, додека во истиот месец предходната година поднесе 6 кривични пријави против 6 физички и 3 правни лица.
Во третиот квартал на 2014 година Царинската управа поднесе 29 кривични пријави против 33 физички и 21 правни лица. Во третиот квартал на 2013 година Царинската управа поднесе 15 кривични пријави против 18 физички и 6 правни лица.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

2013

| Основ за поднесена кривична пријава | Q1 | | | Q2 | | | Јули | | | Август | | | Септември | | | Q3 | | | Вкупно 2013 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување на наркотички droги | 16 | | 9 | 14 | | 7 | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 2 | | 2 | 43 | 0 | 27 |
| Недозволено тргување со цигари | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со оружје  и распрскувачки материјали | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | 0 | 3 |
| Недозволено тргување со лекови | 3 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | 0 | 2 |
| Криумчарење благородни метали | 1 | | 1 | 3 | | 3 | 2 | | 2 | | | | | | | 2 | | 2 | 6 | 0 | 6 |
| Криумчарење други видови стоки | | | | 3 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | 11 | 1 | 5 |
| Фалсификување други исправи | | | | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| Поднесени фалсификувани фактури | 5 | | 5 | 6 | | 6 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 3 | 1 | 3 | 5 | 1 | 5 | 17 | 1 | 17 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | 3 | 2 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | 9 | 4 | 9 |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 2 | 2 | 2 | 4 | 3 | 4 | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 | 7 | 8 |
| Непријавени стоки при увозно царинење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 | 2 | 2 |
| Пријавена тарифна ознака со помали давачки | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Даночно затајување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Недозволено производство и промет со општо опасни материи | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | 2 | | 1 | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | | 4 | 0 | 3 |
| Незавршена транзитна постапка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | | 3 |
| Неисполнување на законска обврска за увозно царинење | | | | | | | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | 4 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 |
| Неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Неовластен увоз на стоки предмет за заштита на права од интелектуална сопственост | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 | 4 | 4 |
| Пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Симнување на службен знак | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Други основи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **34** | **4** | **25** | **34** | **5** | **24** | **6** | **1** | **4** | **6** | **2** | **5** | **6** | **3** | **6** | **18** | **6** | **15** | **123** | **25** | **94** |

2014

| Основ за поднесена кривична пријава | Q1 | | | Q2 | | | Јули | | | Август | | | Септември | | | Q3 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување на наркотички droги | 1 | | 1 | 10 | | 6 | 2 | | 1 | 4 | | 2 | 1 | | 1 | 7 | | 4 | 18 | | 11 |
| Недозволено тргување со цигари | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Недозволено тргување со оружје  и распрскувачки материјали | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со лекови | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Криумчарење благородни метали | 1 | | 1 | 4 | | 3 | | | | | | | | | | | | | 5 | | 4 |
| Криумчарење други видови стоки | | | | 3 | 1 | 3 | | | | | | | 2 | | 2 | 2 | | 2 | 5 | 1 | 5 |
| Фалсификување други исправи | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 2 | | 1 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| Поднесени фалсификувани фактури | 3 | 3 | 3 | 4 | 1 | 4 | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 11 | 8 | 11 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Непријавени стоки при увозно царинење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Пријавена тарифна ознака со помали давачки | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Даночно затајување | | | | 4 | 3 | 1 | | | | | | | | | | | | | 4 | 3 | 1 |
| Недозволено производство и промет со општо опасни материи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 |
| Незавршена транзитна постапка | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 |
| Неисполнување на законска обврска за увозно царинење | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Неовластен увоз на стоки предмет за заштита на права од интелектуална сопственост | 14 | 11 | 13 | 12 | 12 | 12 | 8 | 8 | 8 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 16 | 16 | 16 | 42 | 39 | 41 |
| Пријавување на поголеми количини на стоки при извоз од облагородување | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 2 | 1 | 1 |
| Симнување на службен знак | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Други основи | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **24** | **16** | **22** | **41** | **19** | **33** | **11** | **8** | **10** | **11** | **7** | **9** | **11** | **6** | **10** | **33** | **21** | **29** | **98** | **56** | **84** |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

### Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во третиот квартал на 2014 година се поднесени 228 прекршочни пријави од кои, 209 за сторен царински прекршок и 19 за девизен прекршок. Од вкупно поднесените прекршочни пријави, 158 се однесуваат на физички, а 70 на правни лица.
Во третиот квартал од 2013 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 213 прекршочни пријави против 158 физички лица и 55 правни лица.

Во третиот квартал на 2014 година беа решени 453 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 30,4 милиони денари. Во истиот период 2013 година, беа решени 251 прекршочен предмет и при тоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 14,4 милиони денари.

Во септември 2014 година се изречени 192 мандатни казни против 126 физички лица и 66 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 1,8 милиони денари. Во третиот квартал на 2014 година се изречени 535 мандатни казни против 350 физички лица и 185 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 4,4 милиони денари. Додека пак во третиот квартал на 2013 година се изречени 532 мандатни казни против 325 физички лица и 207 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 4,7 милион денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во третиот квартал на 2014 година Царинската управа учествуваше во:
- меѓународен проект SOCHI-2014, организиран од Светската царинска организација, а фокусиран на борба против трговијата со фалсификувани производи со симболи и ознаки на 22-те Зимски олимписки игри и 11-те Параолимписки игри во 2014 година, кои се одржаа во градот Сочи, Русија. Учесници во проектот се земјите членки на Светската царинска организација,
- учество во меѓународниот проект „GLOBAL SHIELD“, мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на СЦО,
- меѓународниот проект SMART CAT, фокусиран на справување со нелегалниот промет на нови психоактивни супстанции,
- операција ODYSSEUS, фокусирана на откривање и спречување нелегална трговија со културни добра ( во операцијата учествуваа сите земји членки на RILO и САД),
- операција WESTERLIES 3, фокусирана на спречување на криумчарење на метамфетамин од страна на авионски патници,
- учество во меѓународна симулирана вежба за илегална миграција „Балканско лето“.

Во третиот квартал од 2014 година Царинската управа внесе во CEN базата 25 заплени, достави 27 информации за запленета стока до SELEC центарот и 2 информации до ЗКА Балкан инфо за заплена на дрога.
Во јули 2014 година беше донесено **Корисничко упатство за новата Апликација за разузнавачки активности – АзРА**. Со ова Упатство се уредува начинот на работа и стандардните процедури на работа со апликацијата за разузнавачки активности во Одделение за разузнавање при Царинската управа на Република Македонија.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

Во текот на јули 2014 година Царинската управа на Република Македонија изготви **Предлог закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост** и истиот го достави до Министерството за финансии, со цел за негово разгледување и спроведување на понатамошна постапка за неговото донесување. Новиот Предлог Закон за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост е изработен на основа на новата регулатива на ЕУ бр. 608/2013, која се применува во ЕУ од 01.01.2014 година. Постои значителна разлика во однос на постојниот Закон за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, кој е базиран на старата Регулатива на ЕУ бр. 1383/2003. Решенијата од новиот закон целосно ќе бидат имплементирани во новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), кој е во фаза на реализација во Царинската управа.

Во третиот квартал на 2014 бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 529, од нив 327 се активни корисници и истите оствариле 68 пристапи до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Schwarzkopf, Aj Armani Jeans, A/X Armani Exchange, Bogner Fire & Ice, Giorgio Armani, Fc Barcelona Porsche, Lamborghini, Lg и Lexus.**

На крајот на третиот квартал на 2014 година во Царинската управа, бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше 345, додека на на крајот на 2013 година изнесуваше 334.

Во текот на третиот квартал од 2014 година во **27** акции, привремено се задржани **84.081 парчиња стока (во споредба со вториот квартал 2013 година, 18.903)** поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | Вид на производи | Ед. мерка | 2013 | | | | | | | 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q 1 | Q 2 | Јули | Август | Септември | Q 3 | Вкупно2013 | Q 1 | Q 2 | Јули | Август | Септември | Q 3 | Вкупно |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,663 | 1,041 | 93 | 134 | 1,369 | 1,596 | 17,960 | 1,614 | 185,454 | 819 | 106 | 5,787 | 6,712 | 193,780 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 5,441 | 10,147 | 60 | 3,448 | 3,355 | 6,863 | 36,321 | 4,790 | 11,097 | 15,720 | | 202 | 15,922 | 31,809 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче<br>Кг. | 44,007 | 9,042 | | 1,703 | 2,264 | 3,967 | 19,041 | 100,343 | 282,800<br>768 | 1,632 | | 52,470 | 54,102 | 437,245<br>768 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 313 | 314 | 6 | 10 | 9 | 25 | 10,745 | 3,053 | 1,095 | 18 | 120 | 3,060 | 3,198 | 7,346 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 13,900 | 160 | | 2,575 | | 2,575 | 18,662 | / | | | | 1,208 | 1,208 | 1,208 |
| 6 | Лекови | Парче | | | | 80 | | 80 | 80 | / | | | | | | |
| 7 | Друго | Парче | 109,181 | 39,738 | 220 | | 3,577 | 3,797 | 230,990 | 16,637 | 84,796 | 200 | | 2,739 | 2,939 | 104,372 |
| | **Вкупно** | Парче<br>Кг. | **174,505** | **60,442** | **379** | **7,950** | **10,574** | **18,903** | **333,799** | **126,437** | **565,242**<br>**768** | **18,389** | **226** | **65,466** | **84,081** | **775,760**<br>**768** |

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани козметички производи со 64% учество. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 84% .

Во тринаесет случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост, количина од 295 парчиња маски за мобилни телефони, 1 литар парфем, 320 парчиња очила за сонце, 360 пара спортски обувки, 3.960 пара влечки и 79 парчиња работни мантили беше ослободена, поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека предметната стока не ги повредува правата од интелектуална сопственост. Количина од 1.440 парчиња пасти за заби, 4.008 парчиња комплет тренерки, 200 парчиња авто-делови, 18 парчиња видео игри беше ослободена поради тоа што застапниците на имателите на трговските марки се изјасниле дека предметната стока е оригинална, Истовремено беа ослободени 379 парчиња футроли за мобилни телефони, 240 пара влечки и 40 пара спортски обувки бидејќи застапниците и носителите не изразиле интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост.

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на третиот квартал од 2014 година, под царински надзор **беа уништени 750 парчиња фалсификувана стока - греалки.**

## *Бесплатно отстапување на стока*

Согласно заклучокот од Двесте и деветтата седница на Владата на Република Македонија Царинската управа во текот на јули 2014 година утврди нови количини стока за донација, за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост, и тоа: 1.284 пара обувки и 290 парчиња облека за кои постои согласност од носителите на правата на трговските марки при што го информираше Министерстворто за труд и социјална политика.

Министерството за труд и социјална политика треба да ги превземе потребните активности, согласно одредбите од Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, како и согласно заклучокот на Владата на Република Македонија, заради навремено спроведување на постапката за отстранување на ознаките на трговските марки на предметната стоката.

## *Односи со јавноста*

Во третиот квартал од 2014 година, Царинската управа ја започна кампањата „Пријавете пари“, со цел информирање на патниците за нивните права и обврски поврзани со внесувањето и изнесувањето на пари. Во истиот периодот објавени беа две интервјуа со директорот на Царинска управа, два телевизиски прилози, до медиумите испратени се триесет и две соопштенија за заплени на дрога, девизи, фалсификувана стока, прекршочни и кривични пријави.

### *Позначајни настани*

#### *Старт на кампањата „Пријавете пари“*

На први август 2014 година, Царинската управа започна кампања за информирање на патниците кои влегуваат, излегуваат или транзитираат низ Република Македонија за правата и обврските поврзани со внесувањето и изнесувањето на пари. Кампањата „Пријавете пари“ стартуваше на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје. Во рамките на кампањата изработени беа брошури на македонски, англиски, албански и турски јазик со информации за важечката царинска регулатива поврзана со пријавување пари. Покрај брошурите, на екраните на Аеродромите Александар Велики и Св. Апостол Павле поставено е и информативно решение со цел потсетување на патниците на царинската регулатива. Изработени се и информативни табли кои се поставени речиси на граничните премини, на кои се истакнати дозволените количини за внесување или изнесување на тутунски и алкохолни производи, парфеми, предмети за лична употреба, лекови, миленичиња итн. Таблите се изработени на македонски, албански и англиски јазик.



Информирањето на патниците за нивните права и обврски, ефикасна организација и примена на современи царински постапки, е сигурен начин за обезбедување на брза, безбедна и лесна царинската контрола.

#### *Официјално означено завршувањето на реконструкцијата на управната зграда на ГП Богородица*



На 16 септември 2014 година беше одбележан крајот на реконструкцијата на управната зграда и придружните објекти на граничниот премин Богородица. На настанот присуствуваше делегација од Генералниот директорат за проширување на Европската комисија, предводена од г-дин Дејвид Кален, како и високи претставници од делегацијата на Европска

Унија во Република Македонија.

Проектот кој е реализиран во рамките на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 од Инструментот за предпристапна помош (ИПА), е финансиран од страна на Европската унија, со финансиско учество на Владата на Република Македонија. Извршената реконструкција на управната зграда преку санација на покривот, столаријата, фасадата, како и ново поставената опрема за регулирање на сообраќајот ќе придонесат за поголема функционалност, зголемен квалитет на услугите и контролите на возилата и патниците, поголема безбедност и олеснување на минувањето на државната граница.

### *Американска донација за Царинска управа и МВР*

На 29 јули 2014 година, Амбасадорот на САД во Република Македонија свечено ја предаде опремата на Царинската управа и Граничната полиција донирана во рамки на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД.



Донацијата за Царинската управа, во вредност од 70.000 долари се состои 5 парчиња на фиберскоп, 2 сета за откривање на криумчарена стока и 2 резервни делови за скенери и претставува придонес за градење на оперативните капацитети на Царинска управа и дополнување и продолжување на подршката од Владата на САД.

Царинската управа е дел од Програмата за прекугранична соработка на Амбасадата на САД од самото воспоставување на истата во 2004 година. Оттогаш се одржани голем број на специјализирани обуки за стручна подготовка на царинските работници во оваа област, доделена е опрема која се користи во секојдневното работење на царинските службеници, со оглед на потребата од ефикасно и практично делување на државната граница.

### *Интернет и интранет*

Во текот на третиот квартал на 2014 година веб страницата е посетена од вкупно 46.207 корисници..

Од страна на корисниците, во овој период испратени се 246 прашања, жалби и сугестии. До денес е одговорено на 120 прашања.

Во третиот квартал на 2014 година на интернет страницата објавени се 87 содржини на македонски јазик, 40 се објавени англиски и 13 на албански јазик. Во третиот квартал од 2013 година на интернет страницата беше објавена 91 содржина на македонски јазик, 55 на англиски и 34 на албански јазик.

На интранет порталот на Царинската управа во третиот квартал на 2014 објавени се 123 информации, притоа остварени се 36,7 илјади посети од 1.133 корисници.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

На интранет порталот на Царинската управа во третиот квартал од 2013 година се објавени 231 информации, а интранет страницата била посетена 25.657 пати од 1.130 корисници.

### *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) трет квартал 2014 година добиени се вкупно 9.860 повици или во просек 37 повици на ден и тоа: „А“[12]класа – вкупно 31 повик „Б“[13]класа – вкупно 42 повици, „С“[14]класа - вкупно 490 повици и „Ј“[15]класа – вкупно 57 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

### *Граѓански дневник*

Во третиот квартал од 2014 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен 633 пати**.

Во текот на вториот квартал од 2014 година добиени се четири барања за информации од јавен карактер по кои е соодветно постапено.

### *Соработка царина-царина*

#### *Делегација на Царинската управа во посета на хрватската царина*



На 23 септември 2014 година во Загреб се одржа билатерална средба помеѓу директорите на Царинските управи на Република Македонија и Република Хрватска. На средбата беа разменети искуства од процесите на предпристапните преговори со Европската Унија, заеднички контроли со соседни држави како и искуства при развој на информатички системи наменети за поврзување со системите на Европската Унија. Претставниците на двете

[12] „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .
[13] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.
[14] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
[15] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

администрации заклучија дека интензивирањето на и досега одличната соработка и размената на искуства е од голема полза за двете страни.

## *Меѓународна соработка*

### *Обука за постигнување на цели во борба против криумчарење и илегална миграција*

Од 2 до 4 јули 2014 година, Центарот за европска перспектива од Република Словенија, во соработка со Царинската управа одржа обука како дел од проектот „Постигнување на цели во борба против криумчарење и илегална миграција“. Обуката претставува продолжение на обуката „Градење на етичка работна средина“ – Модул 1, реализирана во Центарот за обука на МВР во Идризово. Целта на обуката е подобрување на капацитетите на органите на граничните премини (царина, полиција) за заедничко остварување на стратешки цели и ефикасна гранична контрола, пред сé за откривање на криумчарење и илегални миграции, а согласно најдобрите пракси на ЕУ.



Во реализацијата на обуката беа вклучени 6 експерти од Република Словенија, а учествуваа десет шефови на гранични царински испостави, двајца обучувачи од Царинската управа и десет командири на гранични полициски станици.

### *Форум на високо ниво за земјите од Западен балкан, Турција и Италија*

Делегација на Царинската управа на Република Македонија присуствуваше на „Форум на високо ниво за земјите од Западен Балкан, Турција и Италија“ кој се одржа на 9 јули 2014 година во Фиренца, Италија. За време на форумот, се разгледуваа постигнатите резултати од проектот "Соработка и стратегија за борба против недозволена трговија со цигари и лекови во регионот на Западен Балкан, Турција и Италија", финансиран од OLAF (Европска канцеларија за борба против измами), координиран од италијанската царина, под покровителство на HERCULE II програмата. Во оваа пригода посебно беа презентирани резултатите од работилниците и резултатите од регионалните оперативни активности имплементирани во рамките на овој проект, резиме на Венецијанската иницијатива и идни перспективи на соработка. Генералните цели на проектот се зацврстување на мултилатералната соработка и дијалог помеѓу земјите членки на Европската унија, земјите од Балканот и Турција.



## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Втор управувачки комитет за Системот за размена на податоци*

Делегација на Царинската управа на Република Македонија учествуваше на вториот Управувачки комитет за Системот за размена на податоци (SEED - Systematic Electronic Exchange of Data), кој се одржа на 10 јули 2014 година во Фиренца, Италија.

Проектот SEED, финансиран од Европската Комисија и предводен од италијанската царинската администрација започна на 14 септември 2010 година. Апликацијата за системска размена на податоци е наменета за размена на податоци по електронски пат помеѓу царински администрации на две соседни држави во реално време и има огромно значење при секојдневното работење на царинските службеници од граничните премини. За време на Управувачкиот комитетот се евалуираа резултатите од проектот постигнати досега, а се дискутираше и за продолжување и одржување на SEED апликацијата во иднина. Во оваа пригода и директорот на Царинска управа на Република Македонија ги презентираше досега постигнатите резултати и развојот на апликацијата во Република Македонија. На Комитетот покрај генералните директори и високи претставници од Царинските управи во регионот, присуствуваа и релевантни претставници на Европската Комисија.



### *Делегацијата на Европска унија во Република Македонија во посета на Царинската управа*

Делегација на Европската унија во Република Македонија, предводена од шефот на операции г-н Мартин Клауке, на 15 јули 2014 годна беше во посета на Царинската управа. Целта на посетата беше согледување на напредокот во реализацијата на проектот Интегрирана тарифна околина (ИТО) од програмата ИПА 2009. Присутните од Делегацијата на Европската унија, заклучија дека проектот се одвива според предлог планот за имплементација, за што Царинската управа доби позитивни оценки. Реализацијата на овој проект ќе овозможи поголема ефикасност во севкупното царинско работење, поголема стручност и поквалитетна услуга од страна на царинските службеници, но и конкретни заштеди и за економските оператори и за Царинската управа, бидејќи интегрираните тарифни информации ќе се администрираат, одржуваат и објавуваат од страна на соодветните тела на Европската комисија во Брисел.



### *Семинар на Регионална конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила на потекло*

Во период од 16-17 септември 2014 година, делегација на Царинската управа на Република Македонија, присуствуваше на семинар на високо ниво за ревизија на

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

Регионална конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила на потекло, што се одржува во Катанија – Италија.

Пан-евро-медитеранскиот систем на кумулација на потекло е составен од мноштво договори за слободна трговија кои овозможуваат дијагонална кумулација меѓу земјите од зоната.

Главна цел на семинарот беше претставување на моменталната состојба на пристапување кон Конвенцијата од страна на земјите и укажување на важноста од предлозите за промена на правилата за потекло. Во рамките на семинарот беа разгледани можностите за укинување на забраната за враќање на царинските давачки за репроматеријали без потекло, предлози за промена на правилата за потекло кај индустриските производи, посебно текстилот и текстилните производи, како и предлози за промена на правилата за потекло кај некои земјоделски производи

### *Работилница за царинско управување со ризик на ЦЕФТА*

На 24 септември 2014 година во рамки на Поткомитетот за царина и правила на потекло на ЦЕФТА се одржа работилница на тема Управување со ризик во царинските администрации. Работилницата е организирана преку инструментот за техничка помош TAIEX, а целта е да се разменат информации и искуства за имплементација на управувањето со ризик во царинските администрации, согласно европските правила во насока на олеснување на трговијата и синџирот на трговија. Покрај претставници на царинските управи на земјите членки на ЦЕФТА (Македонија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Молдавија и Косово) и претставници на ЦЕФТА Секретаријатот, на работилницата присуствуваа и претставници од царинските администрации во ЕУ и експерти од IFC(Меѓународната финансиска корпорација). Како продолжение на работилницата се одржа и состанок на ЦЕФТА Работната група за управување со ризик во царинското работење. На состанокот беа разгледани и Договорите на ЕУ со трети земји за размена на податоци и взаемно признавање на статусот Овластен економски оператор, како и поедноставување на царинските контроли и формалности, се презентира концептот на ЦЕФТА за олеснување на трговијата и работната програма на ЦЕФТА исе дискутираше можната рамка за договор кој ЦЕФТА земјите во иднина ќе го потпишат, со цел зајакнување на соработката и размена на податоци поврзани со управување со ризик.



### *Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата*

Во септември 2014 година се одржа и првиот работен состанок со кој започна Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ кој е

финансиран од Европската унија преку програмата ИПА 2010, а во реализација на проектот учествува и Царинската управа преку активностите на својот номиниран претставник.

## *Меѓуинституционална соработка*

### *Потпишан меморандум за соработка меѓу Царинска управа и Сојуз на стопански комори*

На 30 јули 2014 година, во просториите на Царинска управа Меморандум за соработка потпишаа г-ѓа Наташа Радеска Крстевска, директор на Царинската Управа и г-ѓа Данела Арсовска, претседател на ССК. Главните цели на Меморандумот се однесуваат на организирање на обуки за бизнис заедницата како и согледување на потребата и темите за нивна реализација.



Од септември годинава, Царинската Управа и ССК партнерски ќе работат на спроведување анализи и обуки за потребите на претставниците на бизнис заедницата и на други целни групи за нивно континуирано стручно усовршување, како и на подготовка на програми во кои ќе се определуваат теми, опфат на соработка и организациони прашања. Исто така, предвидена е донација на стручна литература од областа на царинското и акцизното право, ангажирање меѓународни предавачи и експерти, како и овозможување учество при студиски посети и конференции во земјата и странство.

### *Одржано советување на тема царински прекршоци*

На 17 септември 2014 година, Царинската управа во соработка со Академија за обуки на судии и обвинители, во просториите на Академијата одржаа советување на тема „Царински прекршоци“.

На советувањето учествуваа судии и стручни судски соработници од Вишиот управен суд, Управниот суд и претставници од Царинската управа вработени во Одделението за прекршочна постапка. Излагачите пред присутните дадоа осврт на структурата и начинот на работата на комисијата за одлучување по прекршок, постапувањето по насоки дадени во одлуки на Управниот суд, начинот на определување и изрекување на глобата.